НАЦИОНАЛНА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА ГЛУВИ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0501 – 17/1
15.03 2014 год.
СКОПЈЕ

# Записник

Од извршената контрола на финансиското работење при Националната спортска федерација на глуви на Македонија -за 2013 година.

Одборот за контрола при Федерацијата во состав: Рампе Каревски, Стојан Панов и Драган Деспотовски (отсутен), на ден 15.03.2014 година ја разгледа севкупната финансиска документација на НСФГМ за 2013 година и го констатира следното:

НСФГМ во текот на 2013 година работела во рамките на остварените приходи и расходи според приложениот финансиски извештај за 2013 година изготвен од страна на сметководството на федерацијата(Сојуз на спортски федерации на Македонија).

За извршување на работите на федерацијата се направени следните операции:

-Составена и поднесена е годишна сметка за 2013 година;

-Составени се налози за книжење 34, банкови изводи до реден број 82, и касови извештаи бр.20 .

-Сите исплати, расходи, се покриени со фактури, сметкопотврди со фискални сметки и патни налози, истите правилно се оформени, потпишани од овластено лице и прокнижени во сметководството.

Од напред искажаното се констатира дека НСФГМ во 2013 година работела согласно позитивните законски прописи од областа на финансиското работење и не се констатирани никакви неправилности.

Особено е свртено внимание на документацијата од Олимписките игри на глуви,кое се одржа во Софија-Бугарија.Комисијата констатира дека сите исплати се законски,со покриена докумнтација.

Одборот за контрола му предлага на Собранието на НСФГМ да ја усвои Годишната сметка на приходите и раходите на федерацијата за 2013 година.

Вишокот на приходи прикажани во Годишната сметка да се префрлат за спроведување на програмските активности на НСФГМ во 2014 година.

Одбор за контрола,

Рампе Каревски

/Рампе Каревски/

/Стојан Панов/

/Драган Деспотовски/

НАЦИОНАЛНА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА ГЛУВИ НА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ